**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08-33**
**08. 02. 2019 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), Известувањето од Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово бр.03-311/1 од 22.01.2019 година, Изјавата од основачот со 100% учество во основачкиот капитал на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово (заверена на нотар), УЗП бр.267/2019 од 28.01.2019 година (Уп1 бр.08-33 од 31.01.2019 година) и Изјавата од управителот на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово (заверена на нотар), УЗП бр.266/2019 од 28.01.2019 година (Уп1 бр.08-33 од 31.01.2019 година), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот бр.02-569/10 од 07.02.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 6-та седница одржана на 07.02.2019 година, донесе:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**Образложение**

Трговско радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-42 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 05 јануари 2015 година до 04 јануари 2024 година), за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво, за подрачјето на Општина Куманово, Општина Липково и Општина Старо Нагоричане, телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик.

На 22.01.2019 година, ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Известување бр. 03-311/1 од 22.01.2019 година во кое наведе дека ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, поради финансиската состојба не може да работи понатаму и дека на 17.01.2019 година престанало со работа.

Истиот ден (22.01.2019 година), Агенцијата, во електронска форма на електронската адреса на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Македонија и на електронската адреса регистрирана во Регистарот на ТВ на Агенцијата, го извести радиодифузерот дека доколку сака да престане со емитување на телевизиска програма, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, потребно е да достави две писмени изјави, заверени на нотар, и тоа: една од основачот со процент на учество во основачкиот капитал на радиодифузерот и една од управителот на радиодифузерот.

На 31.01.2019 година, беше доставена Изјава од основачот со 100% учество во основачкиот капитал на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово (заверена на нотар), УЗП бр.267/2019 од 28.01.2019 година (Уп1 бр.08-33 од 31.01.2019 година) и Изјава од управителот на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово (заверена на нотар), УЗП бр.266/2019 од 28.01.2019 година (Уп1 бр.08-33 од 31.01.2019 година), со кои изјавуваат дека ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, на 17.01.2019 година престанало со емитување на програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18 ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и од основачот со 100% учество во основачкиот капитал на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово (заверена на нотар), УЗП бр.267/2019 од 28.01.2019 година (Уп1 бр.08-33 од 31.01.2019 година) и од управителот на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово (заверена на нотар), УЗП бр.266/2019 од 28.01.2019 година (Уп1 бр.08-33 од 31.01.2019 година), исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), Известувањето од Трговско радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово бр.03-311/1 од 22.01.2019 година, Изјавата од основачот со 100% учество во основачкиот капитал на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово (заверена на нотар), УЗП бр.267/2019 од 28.01.2019 година (Уп1 бр.08-33 од 31.01.2019 година) и Изјавата од управителот на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово (заверена на нотар), УЗП бр.266/2019 од 28.01.2019 година (Уп1 бр.08-33 од 31.01.2019 година), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1;
- Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово; и
- Агенцијата за електронски комуникации.